Република Северна
Македонија
Државен завод
за статистика

# СТРАТЕГИСКИ ПЛАН,

# 2026 – 2028 ГОДИНА

Скопје, јануари 2026 година

Почитувани,



Стратегискиот план за развој на Државниот завод за статистика за периодот 2026 – 2028 година претставува основен програмски документ што ги утврдува приоритетите за понатамошен институционален развој. Планот ги дефинира стратегиските цели, приоритетите и развојните програми. Воедно, документот е целосно усогласен со стратегиските цели и приоритети на државата.

Остварувањето на поставените цели бара координирана соработка на сите фактори во Националниот статистички систем и обезбедување соодветни ресурси – финансиски, ИТ и човечки. Производството и навремената дисеминација на квалитетни, точни и меѓународно споредливи статистички податоци ќе продолжи да има клучна улога во поддршката на процесите на планирање и креирање политики засновани врз докази, поради што е неопходно континуирано инвестирање во дигитализацијата на статистичките процеси. Статистиката е темел на демократијата: податоците треба да ги поддржуваат транспарентноста, јавната дебата и одговорноста во политиката.

Во оваа насока, важно е навремено препознавање на новите општествени и економски трендови, при што статистиката останува суштинска алатка за донесување ефективни одлуки. Таа ќе служи како основен механизам за следење на трансформациите поврзани со технолошкиот напредок, глобалните предизвици и иновативните деловни модели. Статистиката е релевантен, доверлив и ефективен одговор на новите потреби за статистички информации. Затоа, потребно е континуирано вложување во развојот на стручни кадри кои ќе може да одговорат на динамиката на технолошките, иновациските и општествените промени.

Државниот завод за статистика ќе продолжи да го збогатува портфолиото на статистички производи и услуги и истовремено да го намалува административниот товар на извештајните единици, користејќи нови извори на податоци и дигитални технологии, вклучително и вештачка интелигенција.

Со овој Стратегиски план, Државниот завод за статистика ја потврдува својата посветеност на функционална интеграција на Националниот во Европскиот статистички систем, обезбедувајќи ѝ стручна поддршка на Владата во рамките на своите надлежности.

Со почит,

Директор

д-р Дејан Станков

## 1.1. ВОВЕД

Стратегискиот план на Државниот завод за статистика, 2026 – 2028, е основен документ со кој се уредуваат стратегиските приоритети на Државниот завод за статистика во периодот од 2026 до 2028 година. Реализацијата на дефинираните програми и потпрограми треба да обезбеди:

- Извршување на обврските на Државниот завод за статистика, дефинирани во Програмата за статистички истражувања за периодот 2023 – 2027 година и
- Реализирање на стратегиските приоритети на Владата на Република Северна Македонија поврзани со интеграцијата на Република Северна Македонија во ЕУ, односно реализирање на обврските од Националната програма за усвојување на европското законодавство (НПАА).

При подготовката на Стратегискиот план целосно се почитувани: Законот за државната статистика и Петгодишната програма за статистички истражувања, 2023 – 2027.
Покрај тоа, земени се предвид и релевантните документи од Европската комисија со кои се дефинираат стратегиските приоритети на Европскиот статистички систем и според кои се следи прогресот на Државниот завод за статистика. Земени се предвид препораките од партнерското оценување (Peer Review) на Европската комисија за напредокот во имплементацијата на Кодексот за работа на европската статистика, како и препораките од редовните годишни мисии на Евростат (Статистичка служба на Европската комисија), препораките од Годишниот извештај на Европската комисија за оценка на напредокот на Поглавјето 18 – Статистика, во однос на хармонизацијата со стандардите на ЕУ.

## 1.2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА ВО ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

### 1.2.1. ПОЈДОВНА ОСНОВА

Државниот завод за статистика е самостојна стручна управна организација што врз основа на научни методи и сознанија им обезбедува на корисниците податоци за економијата, демографијата, социјалниот живот, заштитата на животната средина и други области. Официјалните статистички податоци, презентирани во различни дисеминациски форми, се заштитени од какво било влијание и се израз на реалните состојби во општеството, а притоа сите корисници имаат еднаков пристап.

Државниот завод за статистика е одговорен за продуцирање на официјалната статистика во Република Северна Македонија и е координатор на статистичкиот систем во Република Северна Македонија.

Државниот завод за статистика е надлежен за координација на меѓународната соработка во областа на статистиката. Меѓународната соработка во областа на статистиката се однесува на примената на меѓународните норми и стандарди во областа на статистиката во статистичкиот систем на Република Северна Македонија и на дисеминацијата на статистичките податоци за државата до европските и меѓународните статистички и други организации.

### 1.2.2. АНАЛИЗА НА ПРАВНАТА РАМКА

Надлежноста и делокругот се уредени со Законот за организацијата и работата на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 110/19 и 121/24) и со Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/20). Основен подзаконски акт во кој се утврдени статистичките истражувања што се спроведуваат во петгодишен период претставува Програмата за статистички истражувања за периодот 2023 – 2027 година.

### 1.2.3. АНАЛИЗА НА РЕСУРСИТЕ

#### 12.3.1. ФИНАНСИСКИ РЕСУРСИ

Државниот завод за статистика се финансира преку средства обезбедени со Буџетот на Република Северна Македонија, Програма 10 – Администрација и Програма 20 – Статистички истражувања. Дополнителни значителни средства се обезбедуваат преку фондовите ИПА и преку други донатори (СИДА итн.).

#### 1.2.3.2. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во Државниот завод за статистика, заклучно со 31.12. 2025 година, се вработени вкупно **210 лица, од кои 208 се** административни службеници, од нив 182 се со високо образование, 1 со вишо и **25** со средно образование.

Во табелата подолу се наведени податоците за бројот на вработените според степенот на образование и половата структура.

**Вработени административни службеници во ДЗС заклучно со** 31.12.2025 **година**

| Работно место | Високо | | Вишо | | Средно | | Основно | | ВКУПНО | | Вкупно вработени во органот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мажи | жени | мажи | жени | мажи | жени | мажи | жени | мажи | жени | |
| **Раководни** | 7 | 22 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7 | 22 | 29 |
| **Нераководни** | 53 | 100 | 1 | 0 | 13 | 12 | 0 | 0 | 67 | 112 | 179 |
| **Вкупно** | **60** | **122** | **1** | **0** | **13** | **12** | **0** | **0** | **74** | **134** | 208 |

### 1.2.4. PESTLE-АНАЛИЗА НА ПОЛИТИЧКИТЕ, ЕКОНОМСКИТЕ, СОЦИЈАЛНИТЕ, ТЕХНОЛОШКИТЕ, ПРАВНИТЕ И ЕКОЛОШКИТЕ ФАКТОРИ

Од аспект на политичките фактори што имаат влијание врз функционирањето на Државниот завод за статистика, најважни се:

- Стратегиските приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија и
- Заклучоците на Владата на Република Северна Македонија што треба да ги спроведе Државниот завод за статистика, кои се во насока на задоволување на националните потреби од статистички податоци.

Поважни економски фактори се:

- Висината на финансиските средства што се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, а кои се неопходни за реализација на надлежностите на ДЗС и
- Обезбедувањето финансиски средства од странски донатори без кои Заводот нема да може да реализира дел од своите надлежности.

Поважни социјални фактори се:

- Перцепцијата кај давателите на податоци и корисниците на статистичките податоци за Државниот завод за статистика и
- Информирање на јавноста за резултатите од работата на Заводот и овластените носители.

Како фактори од технолошки карактер, најважни се следните:

- Заводот е целосно зависен од напредокот на ИТ и друга технологија во земјата и во светот и од нејзината имплементација во активностите на Заводот (продукцијата на статистичките податоци, нивната дисеминација и др.).

Од аспект на правните фактори, најважни се следните:

- Општите законски и подзаконски акти и
- Имплементацијата на законодавството на ЕУ (регулативи и директиви) во статистичката легислатива на Република Северна Македонија.

Најважниот еколошки фактор е:

- Обврската на Заводот за заштита на животната средина.

| Политички фактори | Економски фактори | Социјални фактори | Технолошки фактори | Правни фактори | Еколошки фактори |
|---|---|---|---|---|---|
| Стратегиските приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија | Финансиските средства што се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, кои се неопходни за реализација на неговите надлежности | Перцепцијата кај давателите на податоци и корисниците на статистичките податоци за Државниот завод за статистика | Заводот е целосно зависен од напредокот на ИТ и друга технологија во земјата и во светот и од нејзината имплементација во активностите на Заводот (продукцијата на статистичките податоци, нивната дисеминација и др.) | Општите законски и подзаконски акти | Обврска-та на Заводот за заштита на животна-та средина |
| Заклучоците на Владата на Република Северна Македонија што треба да ги спроведе Државниот завод за статистика, кои се во насока на задоволување на националните потреби од статистички податоци. | Обезбеду-вање финансиски средства од странски донатори без кои Заводот нема да може да реализира дел од своите надлежности | Информира-ње на јавноста за резултатите од работата на Заводот и овластените носители | | Имплемента-ција на законодав-ството на ЕУ (регулативи и директиви) во статистичката легислатива на Република Северна Македонија | |

## 1.2.5. SWOT-АНАЛИЗА НА НИВО НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

Во продолжение е анализата SWOT (Strenghts, Weaknesses, Opportunities, Threats), односно на силните страни, слабостите, заканите и можностите, од која може да се согледа влијанието на надворешните и внатрешните фактори врз работењето на Државниот завод за статистика:

| | |
|---|---|
| Предности (јаки страни)<br>- Посветеноста на менаџментот на Заводот за остварување на стратегиските определби на Владата за членство на Република Северна Македонија во ЕУ;<br>- Воспоставената организациска структура и модел на работење во согласност со добрите практики на ЕУ;<br>- Свесноста и посветеноста на кадарот за потребата од усогласување на македонската статистика со ЕУ и меѓународните обврски. | Слабости (слаби страни)<br>- Неможноста за навремено пополнување на испразнетите работи места;<br>- Недоволен баланс помеѓу обврските и ресурсите во институцијата;<br>- Слабата флексибилност, односно неможноста за брзо приспособување кон промените (организациски, ИТ-модернизација, воведување нови алатки и методи на работа итн.). |
| Можности<br>- Вклучувањето на Поглавје 18 – Статистика во првиот кластер во процесот на преговори;<br>- Зголемената потреба од статистички податоци како поддршка во процесот на преговори за сите останати поглавја;<br>- Јакнењето на корпоративниот идентитет на институцијата како стручна и независна институција и<br>- Ефикасното користење на статистичките податоци од страна на Владата и владините органи при креирањето различни политики. | Опасности (закани)<br>- Одливот на стручен кадар;<br>- Необезбедувањето финансиски средства за постојана надградба на хардверот и софтверот во институцијата и<br>- Непостигнувањето одржливост на стручната и техничката поддршка од донаторите од ЕУ. |

## 1.3. МИСИЈА

Нашата мисија е да обезбедиме висококвалитетни статистички податоци за македонската економија и општество.

## 1.4. ВИЗИЈА

Нашата визија е да бидеме препознаени како лидер во  обезбедувањето ефикасен и иновативен пристап во продукцијата на статистички податоци .

## 1.5. ВРЕДНОСТИ

Вредностите на Државниот завод за статистика се:

- Покажување почит кон нашите вработени, партнери и корисници
- Стремење кон извонредност во сè што правиме
- Воведување иновации во официјалната статистика
- Промовирање ориентација кон услугите
- Одржување на професионалната независност.

## 1.6. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

Заводот, во рамките на своите надлежности, ги врши следниве стручни работи:

- Ги координира активностите на државната статистика во рамките на Националниот статистички систем;
- Ги подготвува и ги пропишува инструментите за статистичките истражувања (методологии, упатства, обрасци, кодни листи и др.);
- Дава мислење на овластените носители за методолошките основи на истражувањата што се во нивна надлежност;
- Дава мислење при воведувањето нови и при дополнувањето на постојните збирки на податоци кои може да бидат извор на податоци за државната статистика;
- Дава иницијативи и предлози за содржинско дополнување на постојните и на новите збирки на податоци што се користат за статистичките истражувања во согласност со закон и со Петгодишната програма за статистички истражувања, 2023 – 2027;
- Соработува со овластените носители што вршат статистички истражувања од областа на државната статистика во рамките на својата надлежност;
- Воспоставува, води и одржува статистички збирки на податоци;
- Ги подготвува националните статистички стандарди;
- Ги утврдува потребите од статистички податоци;
- Пропишува организациско-технички мерки за заштита на доверливите податоци;

- Прибира и обработува статистички податоци;
- Врши анализа на статистичките податоци;
- Ги чува и ги дисеминира статистичките податоци;
- Ги исполнува меѓународните обврски во областа на статистиката;
- Го координира доставувањето на статистичките податоци до меѓународните организации;
- Врши услуги во областа на статистиката за потребите на корисниците, по нивно барање;
- Врши популаризација на статистиката;
- Реализира проекти од областа на државната статистика самостојно и во соработка со другите овластени носители;
- Врши надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за државната статистика;
- Врши и други работи утврдени со Законот за државната статистика и со други закони.

## 1.7. СПЕЦИФИЧНОСТИ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

Државниот завод за статистика е самостојна стручна организација чија надлежност и делокруг се уредени со Законот за организацијата и работата на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 110/19 и 121/24) и со Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/20).

Во согласност со Законот за државната статистика, Државниот завод за статистика, врз основа на научни методи и сознанија, на корисниците им обезбедува податоци за економијата, демографијата, социјалниот живот, заштитата на животната средина и другите области. Официјалните статистички податоци, презентирани во различни дисеминациски форми, се заштитени од какво било влијание, а притоа сите корисници имаат еднаков пристап.

Државниот завод за статистика е одговорен за продуцирање на државната (официјалната) статистика во Република Северна Македонија и е координатор на Националниот статистички систем во Република Северна Македонија.

Оваа улога Државниот завод за статистика ја реализира во соработка со овластените носители во статистичкиот систем, кои се дефинирани во Петгодишната програма за статистички истражувања.

При извршувањето на своите функции, Државниот завод за статистика посветува особено внимание на доверливоста на статистичките податоци. Податоците што се прибираат со статистичките истражувања или од административни и други извори се доверливи и се користат

исклучиво за статистички цели и со целосно исклучување на можностите за разоткривање на индивидуалните податоци за физичките лица и деловните субјекти.
Државниот завод за статистика е надлежен за координација на меѓународната соработка во областа на статистиката. Меѓународната соработка во областа на статистиката се однесува на примената на меѓународните норми и стандарди во областа на статистиката во статистичкиот систем на Република Северна Македонија и на дисеминацијата на статистички податоци за државата до европските и меѓународните статистички и други организации.

## 1.8. СТРУКТУРА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

Државниот завод за статистика е организиран во 9 сектори со вкупно 42 одделенија. Три одделенија се самостојни, односно не припаѓаат на ниеден сектор. На територијата на државата се воспоставени осум регионални одделенија кои покриваат одредени региони. Организациската структура е воспоставена во 2020 година.

## 1.9. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

За периодот 2026 – 2028 година, Државниот завод за статистика ги утврди следните приоритети:

- Интеграција на Македонскиот статистички систем во Европскиот статистички систем;
- Јакнење на институционалната околина и статистичката инфраструктура;
- Развивање стратегиски партнерства;
- Управување со квалитетот и
- Дигитална трансформација

### 1.9.1. Интеграција во Европскиот статистички систем

Цели:

- Хармонизација на официјалните статистички податоци со Statistical Requirement Compendium (acquis од областа на статистиката);
- Обезбедување статистички податоци за поддршка на процесот на преговори на Република Северна Македонија за членство во ЕУ и
- Производство на квалитетни статистички податоци.

Планиран рок за реализација на приоритетот: до 2028 година.

### 1.9.2. Јакнење на институционалната околина и статистичката инфраструктура

Цели:

- Зајакнување на професионалната независност;
- Зајакнување на координативната улога на Заводот во статистичкиот систем;
- Унапредување на тимската работа, интерните комуникации и трансферот на знаењата и
- Модернизација на информатичката околина во Државниот завод за статистика,
- Зголемување на степенот на користење интероперабилност при статистичката продукција.

Планиран рок за реализација на приоритетот: до 2028 година.

### 1.9.3. Развивање стратегиски партнерства

Цели:

- Одржување на воспоставените стратегиски партнерства и
- Развивање на соработката и партнерските односи на сите нивоа и со различни засегнати страни.

Планиран рок за реализација на приоритетот: до 2028 година.

### 1.9.4. Управување со квалитетот

Цели:

- Примена на систем за управување со квалитет врз основа на европската Рамка за обезбедување квалитет – QAF и принципите од Кодексот за работа на Европската статистика.

Планиран рок за реализација на приоритетот: до 2028 година.

### 1.9.5. Дигитална трансформација

**Цели:**

- Зголемена употреба на напредни технологии:
    - вештачка интелигенција
    - големи податоци
    - автоматизација
    - облак (cloud)
    - технологии што ја штитат приватноста.

Планиран рок за реализација на приоритетот: до 2028 година.

## 1.10. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА ВО 2024 ГОДИНА

Во Стратегискиот план на Државниот завод за статистика за периодот 2024 – 2026 година беа утврдени следните програми за реализација на стратегиските приоритети на Државниот завод за статистика (во натамошниот текст ДЗС).

1. Секторски статистики
2. Спроведување на Пописот на земјоделството, 2026 година
3. Статистичка инфраструктура
4. Соработка и комуникација со корисниците
5. Посветеност кон квалитет.

Реализацијата на овие програми е поврзана со стратегискиот приоритет на Владата на Република Северна Македонија за интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија, содржан во Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на стратегиските приоритети на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2024 – 2028 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 177/24), односно приоритетната цел: Доследно исполнување на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА), вклучително и од втората фаза на ССА.

**1. Во програмата „Секторски статистики" беа дефинирани следните потпрограми:**

1.1. Унапредување на процесот на продукција на секторски статистики

**Во рамките на дефинираната потпрограма беа реализирани следните активности:**

**Социјални статистики**

Во доменот на статистиката на населението се реализирани следните активности:

- Континуирано се спроведуваа редовните годишни статистички истражувања од доменот на статистиката на населението, а последните расположливи податоци за 2023 година беа објавени во базата МАКСТАТ.
- Континуирано се спроведуваше редовната годишна трансмисија на податоците од доменот на статистиката на населението за 2023 година до Евростат, преку трите годишни прашалници: DEMOBAL, NOWCAST и POPSTAT, согласно со Регулативата на ЕУ во овој домен.
- Започна твининг-проектот „Подобрување на квалитетот и сеопфатноста на статистиките за животната средина и здравствените статистики, 2024 – 2026, за спроведување на EHIS – Европската анкета за општата здравствена состојба на населението и воспоставување на Статистичкиот регистар на населението.
- Извршена е ревизија на целокупниот сет годишни податоци од Анкетата за работната сила за периодот 2017 – 2021, со резултатите од Пописот 2021 во базата МАКСТАТ. Ревидираниот сет беше објавен во октомври 2024 година.
- Податоците од Анкетата за работната сила на квартално и годишно ниво за 2021 и 2022 година се преработени согласно со новата Регулатива (ЕУ) бр. 2019/1700 на Европскиот парламент и Регулативата на Комисијата (ЕУ) бр. 2019/2240 и доставени до Евростат. Доставени се исто така и кварталните извештаи за квалитет.
- Беа објавени податоците од Анкетата за работна сила за четвртото тримесечје од 2023 година и годишните податоци за 2023 во базата МАКСТАТ.
- Се спроведе Анкетата за работна сила во 2024 година, која во целост е усогласена со препораките и регулативите на ЕУ. Податоците за првите 3 тримесечја беа доставени до Евростат.

- Во рамките на Анкетата за работната сила во 2024 година се спроведе модулот „Младите на пазарот на трудот“, а беа подготвени Методолошкото упатство и прашалникот за модулот „Усогласеност помеѓу работата и семејниот живот“, за 2025 година.
- Беше спроведена Анкетата за потрошувачката на домаќинствата (АПД) на терен, на примерок од 5040 домаќинства. Континуирано се вршеше проверка и анализа на кварталните и годишните пресметки на податоците за приходите и расходите на домаќинствата од Анкетата за потрошувачката на домаќинства. Податоците од АПД, 2024 беа објавени во базата МАКСТАТ и во други мултидоменски публикации.
- Се следеа промените во методологијата за хармонизираниот индекс на трошоците на животот поврзани со ова истражување во ИПА 2022 и беа објавени месечните соопштенија и податоци во табели во базата МАКСТАТ и во други мултидоменски месечни и годишни публикации, а податоците за хармонизираниот индекс на трошоците на животот месечно се трансмитирани во Евростат.
- Беше спроведена на терен Анкетата за приходи и услови за живеење (АПУЖ), 2024, на примерок од околу 6250 домаќинства, која во целост ги следи препораките и регулативите на ЕУ.
- Во текот на 2024 година се објавени податоците за сиромаштијата за 2021 година. Фајловите со микроподатоци за 2021 година се трансмитирани и до Евростат, истите се одобрени и објавени на веб-страницата на Евростат.
- Продолжи  редовното месечно објавување на податоците за плати и навремено доставување на индексите STS.
- Во рамките на IPA 2022, во 2024 година се спроведе пилот-истражување за индексот на цената на трудот, при што се реализираат активности за пресметка и редовна подготовка на индикаторите.
- Анкетата за слободни работни места се спроведуваше  редовно на квартално ниво, во целосна усогласеност со европските стандарди за краткорочни статистики, при што податоците се доставуваа навремено до Евростат, обезбедувајќи континуитет и веродостојност во следењето на индикаторите за побарувачка на работна сила. Во 2024 година е реализиран значителен напредок со воведувањето прибирање на податоци од административни извори, конкретно од Агенцијата за вработување и Управата за јавни приходи, со што постигна намалување на оптовареноста на деловните субјекти, подобар квалитет и конзистентност на податоците.

### Земјоделски статистики  и статистики на животната средина

- Во рамките на Програмата  ИПА 2019 за прв пат беа воспоставени економски сметки за шумарството. Беа подготвени методолошките основи за изготвување економски сметки во шумарството.
- Направена е компилација на податоци за сметките во шумарството за 2022 година, податоците се испратени до Евростат за валидација и се објавени во базата на податоци на Евростат.

- Подготвени се и доставени до Евростат табелите EFA A1a, EFA A1b, EFA A2a, EFA A2b и EFA B1 за 2022 година.
- Континуирано се доставуваа до Евростат сетовите податоци од областите: растително производство, добиточно производство, шумарство, органско производство и слатководно рибарство.
- За прв пат е испратен третиот сет податоци за известување во Евростат (број и капацитет на капацитети за третман на отпад) за референтната 2022 година, покрај редовните два сета: создаден отпад и третман на отпадот.
- Пресметан е индикаторот за циркуларната економија – Circular Material Use Rate.

**Деловни статистики**

- Деловните статистики се во процес на приспособување кон одредбите на регулативата за деловни статистики EBS (European Business Statistics), односно на Регулативата (ЕУ) 2019/2152 на Европскиот парламент и Советот од 27 ноември 2019 година, за европските деловни статистики со која се укинуваат 10 правни акти од областа на деловната статистика.
- Во областа на Статистичкиот деловен регистар, кој претставува основа за деловните статистики, се реализираа дополнителните активности кои произлегоа по завршувањето на проектот ИПА 2017 и беа подготвени податоците за 2021 година според барањата на регулативата ЕБС 2019/2152 и нејзината Регулатива за имплементација 2020/1197, со што се подобрија функционалностите на Регистарот од аспект на обезбедување на задолжителните статистички единици и нивните варијабли, негово полнење со административни податоци и негово користење за потребите на статистичките истражувања (пред сè, за демографијата на претпријатијата и за статистиките ФАТС). Продолжува примената на функциите на Регистарот, обработени се податоците за 2022 година.
- Податоците за сложените претпријатија (повеќе легални единици поврзани преку сопственички односи во едно сложено претпријатие) и KAU – единица според видот на дејноста, за 2022 година, се продуцирани и доставени до Евростат.
- Според дефинираниот начин на бројот на вработените во локалните единици беше утврдена и оваа варијабла, која продолжува да се пресметува и имплементира и во податоците за 2022 година.
- СТС и СДС, односно краткорочните статистики и структурните деловни статистики, исто така, се приспособуваа кон одредбите на регулативата EBS, во насока на зголемување на опфатеноста на варијаблите кои се бараат според Регулативата, се работеше и на зголемување на квалитетот на овие податоци и редовно се подготвуваа сетовите на податоци што се доставуваат до Евростат. Сите активности од областа на краткорочните и структурните статистики (СТС и СДС) во 2024 година беа насочени кон реализација на постојните истражувања и нивното редовно публикување и доставување до Евростат.

- Во истражувањата од областите на информатичко-комуникациските технологии, истражувањето и развојот се работеше на имплементирање на барањата од новата Регулатива за европските деловни статистики и се публикуваа податоците од спроведеното истражување за иновативни деловни субјекти за периодот 2020 – 2022 година.

**Макроекономски статистики**

**Во областа на макроекономските статистики, во 2024 година, континуирано се работеше на:**

- Испраќање годишни и тримесечни податоци за клучните агрегати на БДП според Програмата за трансмисија во рамките на ЕСС 2010, во согласност со Регулативата бр. 549/2013.
- Табела Т0101: Бруто-додадена вредност по основни цени и БДП по пазарни цени, редовна трансмисија , серија од 2000 година.
- Т0102: БДП според трошочниот метод, редовна трансмисија, серија од 2000 година. Беа направени дополнителни пресметки со цел да се комплетира трансмисијата на податоците, во согласност со приоритетите на Евростат за пополнување на сите главни агрегати за национални сметки на годишно и на тримесечно ниво.
- Т0103: БДП според доходовниот метод на тримесечно ниво, серија од 2000 година. Беше подготвена пресметка на БДП по доходовниот метод за трансмисија во согласност со приоритетите на Евростат за пополнување на сите главни агрегати за национални сметки на годишно и на тримесечно ниво.
- Т0110: Население и вработеност на тримесечно ниво, подготвена е и трансмитирана серија од 2000 година, преминува во редовна трансмисија.
- Т0111: Вработеност на А10 (НКД, рев. 2.) на тримесечно ниво, подготвена е и трансмитирана серија од 2000 година, преминува во редовна трансмисија.
- Т0117: Финална потрошувачка на домаќинствата според трајност (домашен концепт), на тримесечно ниво, подготвена е и трансмитирана серија од 2000 година, преминува во редовна трансмисија.
- Во септември 2024 година започна редовна трансмисија на главните агрегати на БДП во новите трансмисиски табели Т01 БДП во кои се вклучени табелите Т0101, Т0102, Т0103 и Т0117, како и табелата Т01ЕМП, во која се вклучени табелите Т0110 и Т0111 на годишно и на тримесечно ниво.
- Новите трансмисиски табели Т0301 Бруто-вредност, со податоци за главните агрегати на БДП и Т0303 Вработеност, на ниво на оддели и сектори на НКД, рев. 2. на годишно ниво, за периодот 2000 – 2022 година, се подготвени за трансмисија.
- За сите трансмисиски табели на тримесечно ниво се пресметува сезонско и календарско приспособување во Ј Деметра ++ и редовно се трансмитира во Евростат според трансмисиската програма.

- T2200: Вкрстена класификација на бруто-основните средства по дејности, видови нефинансиски основни средства, подготвена е и трансмитирана серија од 2000 година, преминува во редовна трансмисија.
- T0302: Бруто-инвестиции на годишно ниво, серија од 2000 година, редовна трансмисија.
- Во септември 2024 година прекинува трансмисијата на табелата T0302 бидејќи во новиот темплејт се вклопува во табела 2200.
- Согласно со Програмата за трансмисија ЕСС 2010,  новите трансмисиски табели:
- T1001: Табела по дејности и по региони (НТЕС 3)  е подготвени за трансмисија за периодот 2000 – 2022 година, а претходните податоци за 2023 година се испратени до Евростат,
- T1002: Табела по дејности и региони (НТЕС 2) подготвена е за трансмисија за периодот 2000 – 2021 година, а податоците за 2022 година се испратени до Евростат.
- Се врши постојано методолошко подобрување на пресметката на податоците за регионален БДП  и инвестициите во основни средства по региони според НКД, рев. 2.  Публикувани се податоци за бруто-домашниот производ и инвестициите во основни средства за 2022 година, дефинитивни податоци и претходни податоци за 2023 година.
- Табелата T0800 – Годишни нефинансиски секторски сметки беше подготвена и трансмитирана за периодот 2012 – 2022 година.
- Продолжува редовната трансмисија на ЕДП-нотификациските табели во двата извештајни периоди, април и октомври. Во 2024 година се подготвени и испратени ЕДП- нотификациските табели (1-4) за периодот 2019 – 2023 година и планираните податоци за 2024 година, прашалниците поврзани со ЕДП-нотификациските табели (1-5) и забелешките за  позначителните разлики помеѓу двете трансмисии. Редовно се доставувани одговори во форма на прашалници за валидација на податоците во табелите. Податоците се подготвени во согласност со ЕСС 2010 (European system of national and regional accounts, ESA 2010). Сите податоци се пратени преку ЕДАМИС.
- Продолжува редовната трансмисија на податоците за следните GFS-табели: табела 2 (главни агрегати на општата влада – годишни податоци), табела 9 (Детални приходи од даноци и социјални придонеси, вклучувајќи ја и листата на даноци и социјални придонеси според Националната класификација – годишна) и Националната даночна листа. Подготвена е серија на податоци за  периодот од 2011 до 2022 година.
- Државниот завод за статистика ја подготви Листата на единици во секторот Држава за 2022 година. Листата е објавена на интернетската страница на ДЗС.
- Редовна трансмисија до Евростат на табелите за  понуда и употреба по тековни цени за 2021 година, согласно со Програмата за трансмисија на Евростат и  нивно публикување  во  базата МАКСТАТ.

- Испратени се до Евростат табелите за понуда и употреба по постојани цени за 2021 година, со ознака дека не се за публикување.
- Продолжува анализата на податоците во табелите за понуда и употреба во делот на дефлаторите, во кој треба да се подобрат податоците.
- Продолжија активностите за понатамошно подобрување на квалитетот на изворите на податоци, како и на методот на пресметките на залихите и нивно подобрување како дел од бруто-инвестициите на годишно и на тримесечно ниво.
- Секторот за национални сметки во континуитет продолжува да користи развиена и модернизирана референтна инфраструктура за SDMX, која постојано се надградува преку континуирани обуки од странски експерти во оваа област.
- Со воспоставеното складиште на податоци за изготвување на националните сметки и табелите на понуда и на употреба се изврши финална продукција на податоците за 2022 година и се работи на продукција на претходните податоци за 2023 година.
- Публикувани се податоците за стоковната размена според економските карактеристики на претпријатијата (ТЕК) за 2022 година. Во текот на набљудуваниот период податоците за стоковната размена според економските карактеристики на претпријатијата (ТЕК) за 2022 година беа испратени преку системот ЕДАМИС во SDMX-формат. Базата на податоци МАКСТАТ беше ажурирана тековно со ТЕК, ТФВ и детални податоци. Податоците за стоковната размена според фактурираната валута (ТФВ) за референтниот период 2023 година беа подготвени согласно со Регулативата на ЕБС бр. 2512/2019 и беа испратени до Евростат во новиот SDMX-формат за трансмисија.
- Во тек е воведувањето систем за производство на статистика за меѓународна размена со услуги (ITSS). Се спроведе пилот-истражување врз квартална основа (во април, јули, октомври 2024 година и јануари 2025 година). Дел од обработените податоци од пилот-истражувањето за извоз и увоз на услуги во 2022 година се објавени како експериментални податоци, во јули 2023 година (https://www.stat.gov.mk/InfoGraphic/2024/Uvoz-Izvoz_Input-Output_2024_mk_en.pdf).
- Публикувани се економските сметки во земјоделството по тековни цени, по постојани цени, за 2022 година и публикувано е и соопштението за регионалните сметки во земјоделството за 2022 година, а се работи на прибирање на податоците за економските сметки во земјоделството по тековни цени за 2023 година.
- Во 2024 година се објавени здравствените сметки за 2021 и 2022 година.
- Редовно се испраќаат податоци до ММФ во согласност со стандардот СДДС плус.

**2. Во Програмата „Спроведување на Пописот на земјоделството во Република Северна Македонија, 2025 година“ беше дефинирана следната потпрограма:**

2.1. Подготовка и спроведување на Пописот на земјоделството во Република Северна Македонија, 2025 година

Во рамките на оваа потпрограма, планираните активности не се реализирани поради фактот дека 2024 година беше изборна година и Законот за Пописот на земјоделството не беше усвоен. Бидејќи сите активности зависат од Законот, планираните активности за 2024 година не можеше да се реализираат и беа стопирани.

**3. Во програмата „Статистичка инфраструктура“ беа дефинирани следните потпрограми:**

**3.1. Класификации/номенклатури**

**Во рамките на оваа потпрограма беа реализирани следните активности, односно беа донесени:**

Беше подготвена Националната класификација на дејностите (НКД), рев. 2.1. и беше испратена до Владата на Република Северна Македонија за разгледување и усвојување.

**3.2. Вработени – надградба на капацитетите на вработените**

За надградба на вработените во ДЗС, во 2024 година беа реализирани повеќе обуки. Обуките беа од областа на статистиката, како и од други области што имаат општ карактер.

Во 2024 година, Државниот завод за статистика продолжи со зајакнување на капацитетите на вработените со активно учество на меѓународни настани. На 66 обуки (екстерни обуки – стручни мисии, студиски посети, работилници, семинари, курсеви за обука и сл.), организирани од надворешни експерти, имаше учества на 107 вработени во ДЗС и на 32 состаноци имаше 42 учества.

**3.3. Информатичка инфраструктура**

Во однос на информатичката инфраструктура, во 2024 година беа реализирани следните активности:

- Регистарот на вработените е воспоставен и истиот може да се применува во статистичката продукција.
- Ставено е во функција новото ИТ-решение за Деловниот регистар со кое се овозможи подобрување со воведување нови статистички единици – комплексни претпријатија и единици по вид на дејност (KAU). Исто така, воведени се новите класификациски и кореспондентни табели за претстојната промена на Националната класификација на дејностите (НКД), рев. 2.1.

- Во однос на информатичката инфраструктура, во 2024 година продолжија активностите што започнаа во 2023 година.

**4. Во програмата „Соработка и комуникација со корисниците“ беа дефинирани следните потпрограми:**

4.1. Унапредување на дисеминациските услуги и воведување нови продукти

4.2. Присутност во социјалните медиуми

4.3. Развивање алатки за зголемување на статистичката писменост.

**Во рамките на дефинираните потпрограми беа реализирани следните активности:**

- Во текот на 2024 година, Државниот завод за статистика продолжи со објавување на редовните статистички продукти според Програмата за работа на Заводот. Така, беа објавени редовните мултидоменски публикации: „Статистички годишник“, „Регионите во Северна Македонија“ и „Северна Македонија во бројки“.
- Во рамките на проектот со Шведскиот завод за статистика (финансиран од СИДА), во текот на 2024 година, Државниот завод за статистика продолжи со тестирање и креирање содржини на новата веб-страница на ДЗС. Во Заводот беа организирани обуки за вработените за користење на новите темплејти за подготовка на соопштенијата за веб-страницата, како и за пишување содржини за веб-страницата. Активностите се во завршна фаза.
- Присутноста на социјалните медиуми и понатаму е важна цел на Заводот со оглед на важноста и улогата што ја играат социјалните мрежи во денешното опкружување. Во текот на 2024 година, Заводот беше активно присутен на Фејсбук и на Инстаграм со објави за своите активности, но и со актуелни податоци.
- Во 2024 година продолжи работата на Заводот на планот на подигнување на свеста за статистичката писменост и користењето на статистичките податоци. Во текот на целата година ДЗС организираше обуки за средношколци и за студенти од различни универзитети во државата, кои претежно се однесуваа на достапноста и употребната вредност на статистичките податоци.
- Во рамките на IPA MBP 2022, почнаа активности во проектот „Комуникации“ со одржување на првата мисија со странски експерт на која беа договорени активности што ќе се реализираат во текот на 2025 година.
- Потпишани се договори/меморандуми за соработка и размена на податоци со: Народната банка на РСМ, Царинската управа и Управата за јавни приходи.
- Со научно-образовните институции потпишани се меморандуми – со Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип и со „Бреинстер ЦБЦ Колектив“ и „Бреинстер Некст“.
- Потпишан е Меморандум за соработка со UN Women – Тело на Обединетите нации за родова активност.

**5. Во програмата „Посветеност кон квалитет“ беа дефинирани следните потпрограми:**

5.1. Подготовки за партнерското оценување

5.2. Внатрешна ревизија на квалитетот

5.3. Обука и подготовка на СИМС-извештаи кај учесниците во статистичкиот систем.

**Во рамките на дефинираните потпрограми беа реализирани следните активности:**

- Подготвени се методологијата и придружните документи за Партнерското оценување на земјите од Западен Балкан од страна на Евростат.
- Донесен е Годишен план за внатрешна ревизија за 2024 година и истиот е реализиран.
- Реализирана е обука за вработените кај учесниците во статистичкиот систем за подготовка на СИМС-извештаи и првите извештаи се објавени на веб-страницата на Државниот завод за статистика.
- Вработени од Државниот завод за статистика и од учесниците во статистичкиот систем посетуваа вебинар за генеричкиот статистички бизнис-процесен модел.

## 1.11. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА ВО 2025 ГОДИНА

Во Стратегискиот план на Државниот завод за статистика за периодот, 2025 – 2027 година, дефинирани се следните програми со потпрограми:

1. Секторски статистики
2. Спроведување на Пописот на земјоделството, 2026 година
3. Статистичка инфраструктура
4. Соработка и комуникација со корисниците
5. Посветеност кон квалитет, иновации и статистики во развој.

Реализацијата на овие програми е поврзана со стратегискиот приоритет на Владата на Република Северна Македонија за интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија, содржан во Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на стратегиските приоритети на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2024 – 2028 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 177/24), односно приоритетната цел: Доследно исполнување на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА), вклучително и од втората фаза на ССА.

1. Во програмата „Секторски статистики“ беа дефинирани следните потпрограми:

1.1. Унапредување на процесот на продукција на секторски статистики

1.2. Користење административни извори на податоци.

Во рамките на дефинираните потпрограми беа реализирани следните активности:

**Социјални статистики**

Во доменот на статистиката на населението се реализирани следните активности:

- Континуирано се спроведуваа  редовните годишни статистички истражувања од доменот на статистиката на населението, а последните расположливи податоци  за 2024 година се објавени во базата МАКСТАТ.
- Континуирано се спроведува редовната годишна трансмисија на податоците  од доменот на статистиката на населението за 2024 година до Евростат, преку   трите годишни  прашалници: DEMOBAL, NOWCAST и POPSTAT, согласно со Регулативата на ЕУ во овој домен.
- Во рамките на твининг-проектот „Подобрување на квалитетот и сеопфатноста на статистиките за животната средина и здравствените статистики, 2024 – 2026, реализирани се следните активности:
- Започнаа  подготвителните  активности (методолошките основи за  избор на примерок и содржината на прашалниците) за спроведување на  EHIS – Европската анкета за општата здравствена состојба на населението во согласност со регулативите на ЕУ и националните потреби.
- Оценка на квалитетот на здравствените сметки, обезбедување на нивната усогласеност и трансмисија на податоците до Евростат во согласност со Регулативата на ЕУ.
- Обуки за примена на ажурираната SDMX-инфраструктура за пренос на податоци до Евростат.
- Оценка на квалитетот на расположливите административни извори на податоци за воспоставување и одржување на Статистичкиот регистар на населението (СРН), кој би се користел како рамка за примерок  за EHIS – Европската анкета за општата здравствена состојба на населението  и други  анкетни истражувања  во доменот на социјалните статистики, со цел  надминување на тековната методологија за производство на годишни податоци за проценката на населението.
- Во насока на дигитализација на собирањето податоци, ДЗС, во соработка со Министерството за дигитална трансформација, подготви електронски образец ВОИ.20 за оваа академска година. Електронскиот образец е објавен на платформата www.uslugi.mk, каде што секој студент со активен профил може да го пополни во електронска форма наместо во хартиена форма.
- Во областа на правосудните статистики е направена трансмисија на годишниот прашалник за статистиките на криминалот UN-CTS за  2024 година до Евростат,

**Во областа „Пазар на труд и животен стандард“ се реализирани следните активности:**

- Објавени се соопштението од Анкетата за работната сила за четвртото тримесечје од 2024 година, како и годишниот сет податоци за 2024 година во базата МАКСТАТ.

- Во 2025 година за првпат беше доставен податочниот сет за ад-хок модулот за младите на пазарот на трудот спроведен во 2025 година, а потоа беше доставен и извештајот за квалитет. Валидацијата е помината успешно, како и извештајот за квалитетот.
- Објавени се резултатите од Анкетата за работната сила за првите три квартали од 2025 година.
- Извршена е трансмисија до Евростат на податоците за сите три тримесечја од Анкетата за работната сила за 2025 година, како и извештаите за квалитет.
- Во 2025 година започна и редовното месечно доставување податоци за невработени лица од Агенцијата за вработување до Евростат, по пол и возраст, со цел пресметка на месечната стапка на невработеност – активност реализирана во тесна соработка со Евростат.
- На терен се прибираа податоците за четвртото тримесечје од 2025 за модулот „Усогласеност помеѓу работата и семејниот живот“.
- Во рамките на ИПА-проектот за АРС беше направена анализа на податоците од Анкетата за работната сила по примената на регулативата IESS – временски серии.
- Од страна на експертска мисија беше направена оценка на Анкетата на работната сила и на нејзината усогласеност со АРС на ЕУ.
- Во октомври 2025 година се доставени сите податоци ESSPROS преку SDMX заедно со извештаите за квалитет за референтните години 2018 – 2023.
- Направена е втора ревизија на Националната класификација на занимањата – НКЗ-08 за национални потреби.
- Започнато е спроведувањето на Анкетата за приходите и условите за живеење во 2025 година и за прв пат е имплементиран електронски начин на прибирање на податоците на терен со користење лаптопи и апликацијата Survey Solution.
- Податоците од АПУЖ во 2022 и 2023 година за сиромаштијата се објавени во соопштенија, сетот микроподатоци е доставен до Евростат и истите се одобрени и објавени во базата Евростат. Интензивно се работеше на обработката на податоците од Анкетата за приходите и условите за живеење за 2024 година. Планирано е до крајот на годината да се објават податоците за сиромаштијата и за 2024 година. Во проектот ИПА 2022 за SILC, со помош на експертите од Чешка, имплементирана е нова апликација за внес на лаптопи.
- Континуирано се спроведуваше Анкетата за потрошувачката на домаќинствата во 2025 година. Податоците од АПД, 2024 година се објавени во базата МАКСТАТ.
- Континуирано се спроведуваше истражувањето за трошоците за животот, цените на мало и хармонизираниот индекс на трошоците за животот во 2025 година. Податоците од оваа област редовно, со месечна динамика, се објавуваат во базата МАКСТАТ. До Евростат се доставени фајловите за пондерите за HICP и списокот на административните цени (HICP-AP) преку Edamis, како и Inventory за HICP преку ESS Metadata Handler и месечно се доставуваат хармонизираниот индекс на трошоците

за животот (HICP) и хармонизираниот индекс по постојани даноци (HICP-CT), исто така преку Edamis.

- Продолжува редовното месечно објавување на податоците за плати и навремено доставување на индексите STS, при што повторно е воспоставена и трансмисијата на податокот за минимална плата.
- Во 2025 година е спроведено четиригодишното истражување за цената на трудот за референтната 2024 година, при што се доставуваат сите барани варијабли согласно со Регулативата, а трансмисијата до Евростат е планирана за средината на 2026 година.
- Континуирано спроведување на Анкетата за слободни работни места со тримесечна динамика и редовно објавување податоци според календарот на навременост.
- Објавени се податоците од четиригодишното истражување за структурата на заработувачките за референтна 2022 година.
- Во фаза на спроведување е истражувањето за индексот на цената на трудот, согласно со регулативите на Евростат, во рамките на ИПА 2022. Се спроведуваат активности за користење комбиниран метод за обезбедување на податоците од електронски прашалник и административни извори.

**Земјоделски статистики и статистики на животната средина**

Во доменот на земјоделските статистики, статистиките на животната средина, транспортот и енергијата реализирани се следните активности:

- Идентификувани се нови индикатори за животната средина.
- Пресметани се и испратени во Евростат Сметките за шумарството за 2023 година.
- Подготвено е и спроведено пилот-истражување за живинарството, во рамките на Анкетата за добитокот.
- Податоците за 2023 за инпут/аутпут цени во земјоделството се доставени до Евростат.
- Усвоена е нова excel алатка за пресметка на економските сметки во земјоделството.
- Направено е усогласување на образецот за Пописот на земјоделството согласно со регулативите на ЕУ.
- Спроведена е Анкетата за потрошувачката на енергија во домаќинствата.
- Обработени се податоците од спроведената Анкета за потрошувачката на енергенти во комерцијалниот и услужниот сектор.
- Во енергетските биланси за 2023 и 2024 година се импутирани податоците добиени од Анкетата за потрошувачката на енергенти во комерцијалниот и услужниот сектор.
- Постигнат е целосен опфат на потрошувачката на електрична енергија во сите деловни субјекти на национално ниво, како и целосен опфат на произведената електрична енергија во енергетските компании чија главна дејност е производство на електрична енергија и деловните субјекти што произведуваат соларна електрична енергија за сопствени потреби и за продажба.
- Спроведено е пилот-истражувањето за мобилноста на патниците.

## Деловни статистики

Во доменот на деловните статистики се реализирани следните активности:

- Унапредување на квалитетот на деловните статистики и пресметка на индикаторите за квалитет.
- Продолжува и се проширува преносот на податоци до Евростат со помош на SDMX во различни домени. Податоците за индексот на цените на производителите на услуги (SPPI) се доставуваат редовно.
- Во областа на краткорочните деловни статистики се работи според Планот на активностите за идна реализација, кој е усвоен од Евростат.
- Продолжува имплементацијата на новата Регулатива за деловни статистики (ЕУ) 2019/2152 од областа на Статистичкиот деловен регистар, краткорочните и структурните деловни статистики, иновациите, истражувањето и развојот.
- Дизајнирани и подготвени се нови прашалници за сите истражувања што се однесуваат на информатичко-комуникациската технологија, во согласност со методологијата и препораките на Евростат за 2025 година.
- Спроведено е истражувањето за иновации во согласност со барањата на Евростат и податоците за периодот 2022 – 2024 година.
- Пресметка и дисеминација на основните показатели на статистиката на INWARD FATS за 2023 година.
- Унапредено е функционирањето на новиот логички дизајн на Статистичкиот деловен регистар (СДР), воведена е и новата ревизија на Националната класификација на дејностите (НКД), рев. 2.1. Податоците за 2023 година продуцирани од новиот логички дизајн се доставени до Евростат.
- Подобрен е квалитетот на статистиките за демографијата на претпријатијата и доставени се податоците до Евростат. Доставени се и податоците од областа на структурните деловни статистики за 2023 година.

## Макроекономски статистики

Во областа на макроекономските статистики во 2025 година континуирано се работеше на:

- Испраќање годишни  и тримесечни податоци за клучните  агрегати на БДП според Програмата за трансмисија во рамките на ЕСС 2010, во согласност со Регулативата бр. 549/2013. Редовна трансмисија на главните агрегати на БДП  во трансмисиските табели Т01БДП и Т01ЕМП, на годишно и на тримесечно ниво.
- За сите трансмисиски табели на тримесечно ниво се пресметува сезонско и календарско приспособување во J Деметра ++ и редовно се трансмитира во Евростат според трансмисиската програма.
- Т2200: Вкрстена класификација на бруто-основните средства по дејности, видови нефинансиски основни средства, серија од 2000 година, редовно се трансмитира.

Согласно со Програмата за трансмисија ЕСС 2010, новите трансмисиски табели:

- Т1001: Табела по дејности и по региони (НТЕС 3) подготвени се за трансмисија за периодот 2000 – 2023 година, а претходните податоци за 2024 година се испратени до Евростат.
- Т1002: Табела по дејности и региони (НТЕС 2) подготвени се и испратени за периодот 2000 – 2022 година, до Евростат.
- Публикувани се податоци за бруто-домашниот производ и инвестициите во основни средства по региони за 2023 година, дефинитивни податоци и претходни податоци за 2024 година.

Табелата Т0800 – Годишни нефинансиски секторски сметки беше подготвена и трансмитирана за 2023 година со дефинитивни податоци.

- Продолжува редовната трансмисија на ЕДП-нотификациските табели во двата извештајни периоди, април и октомври. Во 2025 година се подготвени и испратени ЕДП- нотификациските табели (1-4) за периодот 2021 – 2025 година, прашалниците поврзани со ЕДП-нотификациските табели (1-5) и забелешките за позначителните разлики помеѓу двете трансмисии. Редовно се доставувани одговори во форма на прашалници за валидација на податоците во табелите. Податоците се подготвени во согласност со ЕСС 2010 (European system of national and regional accounts, ESA 2010). Сите податоци се пратени преку ЕДАМИС.

- Продолжува редовната трансмисија на податоците за следните GFS-табели: табела 2 (главни агрегати на општата влада – годишни податоци), табела 9 (Детални приходи од даноци и социјални придонеси, вклучувајќи ја и листата на даноци и социјални придонеси според Националната класификација– годишна) и Националната даночна листа. Подготвена е серија на податоци за периодот од 2011 до 2023 година. Во октомври 2025 година се испратени претходни податоци за 2024 година.

- Во декември 2025 година е доставен ЕДП-Инвентори ревидиран во согласност со табелата за испораки од проектот 1.1 ГФС ЕДП. И понатаму ќе продолжат активностите за подобрување на квалитетот на документот.

- Државниот завод за статистика ја подготви Листата на единици во секторот Држава за 2023 година. Листата е објавена на интернетската страница на ДЗС.

- Редовна трансмисија до Евростат на табелите за понуда и употреба по тековни цени за 2022 година, согласно со Програмата за трансмисија на Евростат и нивното публикување во базата МАКСТАТ.

- Испратени се до Евростат табелите за понуда и употреба по постојани цени за 2022 година, со ознака дека не се за публикување.

- Продолжува анализата на податоците во табелите за понуда и употреба во делот на дефлаторите, во кој треба да се подобрат податоците.

- Секторот за национални сметки во континуитет користи развиена и модернизирана референтна инфраструктура за SDMX, која постојано се надградува преку континуирани обуки од странски експерти во оваа област.

- Публикувани се податоци за стоковната размена според економските карактеристики на претпријатијата (ТЕК) за 2023 година. Во текот на набљудуваниот период податоците за стоковната размена според економските карактеристики на претпријатијата (ТЕК) за 2023 година беа испратени преку системот ЕДАМИС во SDMX-формат. Базата на податоци МАКСТАТ беше ажурирана тековно со ТЕК, ТФВ и детални податоци како и зголемување на временска серија за податоците според номенклатурата ХС. Податоците за индексите за единица вредност за референтниот период 2023 година се објавени во МАКСТАТ. Податоците за стоковна размена според фактурирана валута (ТФВ) за референтниот период 2024 година беа подготвени согласно со Регулативата на ЕБС бр. 2512/2019 и во новиот SDMX-формат за трансмисија беа испратени до Евростат.
- Во тек е воведувањето систем за производство на статистика за меѓународна размена со услуги (ITSS). Се спроведуваат пилот-истражувања врз квартална основа (во април, јули, октомври 2025 година и јануари 2026 година).
- Публикувани се економските сметки во земјоделството по тековни цени, по постојани цени, за 2023 година и публикувано е и соопштението за регионалните сметки во земјоделството за 2023 година, а се работи на прибирање на податоците за економски сметки во земјоделството по тековни цени за 2024 година.
- Редовно се испраќаат податоци до ММФ во согласност со стандардот СДДС плус.

2. Во Програмата спроведување на Пописот на земјоделството во Република Северна Македонија, 2026 година, беа дефинирана следните потпрограми:

2.1. Подготовка и спроведување на Пописот на земјоделството во Република Северна Македонија, 2026 година

- Подготвен е Предлог-законот за Пописот на земјоделството во Република Северна Македонија, 2026 година и преку Министерството за финансии е доставен за натамошна постапка за усвојување од Владата и Собранието.
- Формирани се работни групи во рамките на Бирото за Пописот.
- Донесен е План за спроведување на Пописот.
- Финализација на пописните инструменти.

2.2. Обработка на податоците од Пописот на земјоделството во Република Северна Македонија, 2026 година и нивно објавување

Во рамките на оваа потпрограма сè уште не се започнати активности.

3. Во програмата Статистичка инфраструктура беа дефинирани следните потпрограми:

3.1. Класификации/номенклатури

Во рамките на оваа потпрограма беа реализирани следните активности:

- Донесена е Одлука на Владата на Република Северна Македонија за донесување на Националната класификација на дејностите, ревизија 2.1. (НКД), рев. 2.1. („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 35/24), која ќе ја замени НКД, рев.2.
- Започнаа активностите за воведување на измените во Класификацијата на производите по дејности (КПД) и во Националната номенклатура на индустриските производи (ННИП) според измените во НКД, рев. 2.1.

3.2. Вработени – надградба на капацитетите на вработените

За надградба на вработените во ДЗС, во 2025 година беа реализирани повеќе обуки. Обуките беа од областа на статистиката, како и од други области кои имаат општ карактер.

Во 2025 година, Државниот завод за статистика продолжи со зајакнување на капацитетите на вработените со активно учество на меѓународни настани. На 105 обуки (екстерни обуки – стручни мисии, студиски посети, работилници, семинари, курсеви за обука и сл.), организирани од надворешни експерти, имаше 501 учество на вработени во ДЗС и на 102 состаноци имаше 116 учества.

3.3. Информатичка инфраструктура

Во однос на информатичката инфраструктура, во 2025 година беа реализирани следните активности:

- Се извршија набавки за подобрување на ИТ и мрежната инфраструкура на институцијата (ДЗС и регионалните одделенија).
- Регистарот на вработените е воспоставен и истиот се применува во статистичката продукција.
- Се врши тековна надградба на Деловниот регистар.
- Беше надградено интерното ИТ-решение за продукција на извештаи за квалитет во СИМС-формат.
- Државниот завод за статистика се приклучи на платформата www.uslugi.mk преку која се прибираат податоци за статистичкото истражување „Запишани студенти“ – ВОИ 20.
- Унапредено е доставувањето на административни податоци од Агенцијата за вработување.
- Ставена е во функција апликација МАКПЛАН за планирање и следење на работните обврски на вработените во Државниот завод за статистика.
- Беше организирана основна обука за вработените за користење вештачка интелегенција.
- Формиран е Координативниот комитет.

4. Во програмата „Соработка и комуникација со корисниците“ беа дефинирани следните потпрограми:

4.1. Унапредување на дисеминациските услуги и воведување нови продукти

4.2. Присутност на социјалните медиуми

4.3. Развивање алатки за зголемување на нивото на статистичката писменост на јавноста

Во рамките на дефинираните потпрограми беа реализирани следните активности:

- Пуштена е во употреба новата веб-страница на Заводот;
- Започна визуелно ребрендирање на Заводот;
- Отворен е Центар за обука, кој е современ простор за обука, размена на знаења и професионален развој во областа на официјалната статистика, наменет како за вработените во Заводот така и за надворешни соработници, академски истражувачи, новинари и за сите заинтересирани корисници на статистички податоци.
- Во текот на 2025 година, Државниот завод за статистика продолжи со објавување на редовните статистички продукти според Програмата за работа на Заводот. Така, беа објавени редовните мултидоменски публикации: „Статистички годишник“, „Регионите во Северна Македонија“ и „Северна Македонија во бројки“.
- Државниот завод за статистика продолжи со тестирање и креирање содржини на новата веб-страница на ДЗС. Во Заводот беа организирани обуки за вработените за користење на новите темплејти за подготовка на соопштенијата за веб-страницата, како и за пишување содржини за веб-страницата.
- Присутноста на социјалните медиуми и понатаму е важна цел на Заводот со оглед на важноста и улогата што ја играат социјалните мрежи во денешното опкружување. Во текот на 2025 година, Заводот беше активно присутен на Фејсбук и на Инстаграм со објави за своите активности, но и со актуелни податоци.
- Во 2025 година продолжи работата на Заводот на планот на подигнување на свеста за статистичката писменост и користењето на статистичките податоци. Во текот на целата година ДЗС организираше обуки за средношколци и за студенти од различни универзитети во државата кои претежно се однесуваа на достапноста и употребната вредност на статистичките податоци. Исто така, организирана е и работилница за новинари.
- Зголемено е користењето на анонимизирани микроподатоци за научноистражувачки цели.
- Започнати се активности за поголема достапност на податоците од веб- страницата на Заводот со користење вештачка интелегенција.
- Потпишани се договори/меморандуми за соработка и размена на податоци со: Управата за јавни приходи, Фискалниот совет, Министерството за енергетика, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Комората на сметководители и Сојузот на математичари.

- Со научнообразовните институции потпишани се меморандуми – со Економски факултет – Скопје, Универзитет „Американ Колеџ Скопје”, Факултетот за безбедност – Скопје, Потпишан е Меморандум за соработка со UN Women – Тело на Обединетите нации за родова активност.

5. Во програмата „Посветеност кон квалитетот, иновации и статистики во развој“ беа дефинирани следните потпрограми:

5.1. Подготовки за партнерското оценување

5.2. Внатрешна ревизија на квалитетот

5.3. Подготовка на нов Закон за официјалната статистика

Во рамките на дефинираните потпрограми беа реализирани следните активности:

- Подготвени се методологија и придружни документи за Партнерското оценување на земјите од Западен Балкан од страна на Евростат.
- Донесен е Годишен план за внатрешна ревизија за 2025 година и се работеше на негово исполнување.
- Се подобри видливоста на активностите поврзани со квалитет и извештаите за квалитет на новата веб-страница на институцијата.
- Вработени од Државниот завод за статистика и од учесниците во статистичкиот систем посетуваа вебинар за координација на статистичкиот систем. Почна активноста за подобрување на капацитетите на вработените во Државниот завод за статистика за продукција на индикатори за квалитет.
- Вработени од Државниот завод за статистика посетуваа обука за користење на вештачката интелегенција во секојдневното работење.

## 1.12. ПРОГРАМИ

За остварување на планираните приоритети и цели на Стратегискиот план, 2026 – 2028 година, дефинирани се следните програми со потпрограми:

1. Секторски статистики

2. Спроведување на Пописот на земјоделството, 2026 година

3. Статистичка инфраструктура

4. Соработка и комуникација со корисниците

5. Посветеност кон квалитетот, иновации и статистики во развој.

Реализацијата на сите програми бара ангажман на соодветни човечки и финансиски ресурси, а динамиката на нивната реализација е дефинирана во Планот за спроведување на програмите, кој е составен дел на овој документ.

**ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА 1 – СЕКТОРСКИ СТАТИСТИКИ**

| **А. Оправданост и дизајн на програмата.** | |
|---|---|
| **Образложение: Програмата 1 – Секторски статистики** произлегува од:<br>1. Стратешкиот приоритет на Владата на Република Северна Македонија за интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија, содржан во Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година (,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр.177/24), односно приоритетната цел:<br>Доследно исполнување на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА), вклучително и од втората фаза на ССА. | |
| 2. НПАА | |
| Поглавје: 3.18 Статистика | |
| Област: 3.18.3 Секторски статистики | |
| 3. Стратегиски приоритети и цели на Државниот завод за статистика | |
| **Интеграција во Европскиот статистички систем и целите:**<br>• Хармонизација на официјалните статистички податоци со Statistical Requirement Compendium (acquis од областа на статистиката)<br>• Обезбедување статистички податоци за поддршка на процесот на преговори на Република Северна Македонија за членство во ЕУ и<br>• Производство на квалитетни статистички податоци во согласност со принципите на COP. | |
| **Цел на програмата:** | |
| • Хармонизација на официјалните статистички податоци со Statistical Requirement Compendium (acquis од областа на статистиката)<br>• Обезбедување статистички податоци за поддршка на процесот на преговори на Република Северна Македонија за членство во ЕУ и<br>• Производство на квалитетни статистички податоци во согласност со принципите на COP. | |
| **Показатели за успех на Програмата:** | |
| Зголемен квалитет на продуцирани статистички податоци, зголемен број истражувања спроведени преку административни извори на податоци. | |
| Програмата е: ☑ Хоризонтална ☐ Вертикална | |
| Потпрограми (компоненти) на Програмата: | |
| **Потпрограма 1:** | **Показател за успешност:** |
| Унапредување на процесот на продукција на секторски статистики | Индикатор за напредок пресметан од годишните оценки во апликацијата СМИС. |
| **Потпрограма 2:** | **Показател за успешност:** |
| Користење административни извори на податоци | Зголемен број административни извори на податоци |

| Б. План за спроведување на програмата | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Потпрограма 1: Унапредување на процесот на продукција на секторски статистики** | | | | | | | | | | |
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
| | | | **почеток (месец/ година)** | **крај (месец/ година)** | **човечки** | | | **финансиски (МКД)** | | |
| | | | | | **I год.** | **II год.** | **III год.** | **I год.** | **II год.** | **III год.** |
| 1. Унапредување на процесот на продукција на секторски статистики | Раководител на сектори/раководители на одделенија | | јануари 2026 | декември 2028 | 50 | 50 | 50 | Одобрени финансиски средства за буџетскиот корисник ДЗС, ИПА-МБП | Одобрени финансиски средства за буџетскиот корисник ДЗС, ИПА-МБП | Одобрени финансиски средства за буџетскиот корисник ДЗС, ИПА-МБП |
| 2. Натамошна имплементацијата на барањата од Регулативата за деловни статистики (ЕУ) 2019/2152 од областа на краткорочните и структурните деловни статистики. | Раководител на сектори/раководители на одделенија | | Јануари 2026 | декември 2028 | 10 | 10 | 10 | Одобрени финансиски средства за буџетскиот корисник ДЗС, ИПА-МБП | Одобрени финансиски средства за буџетскиот корисник ДЗС, ИПА-МБП | Одобрени финансиски средства за буџетскиот корисник ДЗС, ИПА-МБП |
| 3. Имплементација на НКД рев.2.1, КПД 2.2, ННИП (PRODCOM) во согласност со измените во NACE rev.2.1 | Раководител на сектори/раководители на одделенија | | Јануари 2026 | декември 2028 | 10 | 10 | 10 | Одобрени финансиски средства за буџетскиот корисник ДЗС, ИПА-МБП | Одобрени финансиски средства за буџетскиот корисник ДЗС, ИПА-МБП | Одобрени финансиски средства за буџетскиот корисник ДЗС, ИПА-МБП |
| **Вкупно за активност во 1. година** | 3 | | | | | | | | | |
| **Вкупно за активност во 2. година** | 3 | | | | | | | | | |
| **Вкупно за активност во 3. година** | 3 | | | | | | | | | |
| **Вкупно за Потпрограма 1** | 9 | | | | | | | | | |

| Потпрограма 2: Користење административни извори на податоци | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
| | | | **Почеток (месец/ година)** | **Крај (месец/ година)** | **Човечки** | | | **Финансиски (МКД)** | | |
| | | | | | **I год.** | **II год.** | **III год.** | **I год.** | **II год.** | **III год.** |
| 1. Оценка на квалитетот на административните извори | Работна група, стручни одделенија | Носители на административни збирки на податоци | февруари 2026 | декември 2028 | 20 | 20 | 20 | Буџет на РСМ | Буџет на РСМ | Буџет на РСМ |
| 2. Интегрирано коористење на административни извори | ИТ-сектор | Стручни одделенија | јануари 2026 | декември 2027 | | 20 | 20 | | Буџет на РСМ | Буџет на РСМ |
| **Вкупно за активност во 1. година** | 1 | | | | | | | | | |
| **Вкупно за активност во 2. година** | 2 | | | | | | | | | |
| **Вкупно за активност во 3. година** | 2 | | | | | | | | | |
| **Вкупно за Потпрограма 3.** | 5 | | | | | | | | | |

**ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА 2: СПРОВЕДУВАЊЕ ПОПИС НА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ВО 2026 ГОДИНА**

| **А. Оправданост и дизајн на програмата** | |
|---|---|
| **Образложение: Програмата 2 – Спроведување на Пописот на земјоделството во Република Северна Македонија, 2026 година** произлегува од: | |
| 1. Стратешкиот приоритет на Владата на Република Северна Македонија за интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија, содржан во Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година (,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр.177/24), односно приоритетната цел:<br>Доследно исполнување на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА), вклучително и од втората фаза на ССА. | |
| 2. НПАА | |
| Поглавје: 3.18 Статистика | |
| Областат: 3.18.3 Секторски статистики | |
| 3. Стратегиски приоритети и цели на Државниот завод за статистика: | |
| **Интеграција во Европскиот статистички систем и целите:**<br>• Хармонизација на официјалните статистички податоци со Statistical Requirement Compendium (acquis од областа на статистиката)<br>• Обезбедување статистички податоци за поддршка на процесот на преговори на Република Северна Македонија за членство во ЕУ и<br>• Производство на квалитетни статистички податоци во согласност со принципите на СОР. | |
| **Цел на програмата:** | |
| • Хармонизација на официјалните статистички податоци со Statistical Requirement Compendium (acquis од областа на статистиката)<br>• Обезбедување статистички податоци за поддршка на процесот на преговори на Република Северна Македонија за членство во ЕУ и<br>• Производство на квалитетни статистички податоци во согласност со принципите на СОР. | |
| **Показатели за успех на Програмата:** | |
| Спроведен Попис и објавени податоци | |
| Програмата е: ☐ Хоризонтална ☑ Вертикална | |
| Потпрограми (компоненти) на Програмата: | |
| **Потпрограма 1:** | **Показател за успешност:** |
| Подготовка и спроведување на Пописот на земјоделството во Република Северна Македонија, 2026 година | Реализиран Попис, обработени и објавени резултати од Пописот. |
| **Потпрограма 2:** | **Показател за успешност:** |
| Обработка на податоците од Пописот на земјоделството во Република Северна Македонија, 2026 година и нивно објавување | Обработени и објавени податоци согласно утврениот календар |

| Б. План за спроведување на програмата | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Потпрограма 1: Подготовка и спроведување на Пописот на земјоделство, 2026 година | | | | | | | | | | |
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток (месец/ година) | Крај (месец/ година) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | I год. | II год. | III год. | I год. | II год. | III год. |
| 1. Усвојување на организационата поставеност на Пописот (Работни групи, Биро за попис) | Сектор за поддршка на работењето на директорот | Одделение за земјоделство, шумарство, лов и риболов и регистар на фарми | јануари 2026 | фебруари 2026 | | | | | | |
| 2. Финализирање на текстот на Законот за Попис на земјоделството | РГ за правни прашања, Сектор за поддршка на работењето на директорот | Одделение за земјоделство, шумарство, лов и риболов и регистар на фарми Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | јануари 2026 | февруари 2026 | | | | | | |
| 3. Донесување на Законот за Попис на земјоделството | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Собрание на РСМ | | јануари 2026 | март 2026 | | | | | | |
| 4. Консултации и соработка со Агенција за Катастар на недвижности во врска со ажурирање на пописните кругови и дефинирање на ГИС солуција | Одделение за дисеминација, статистички територијален регистар и информирање; Одделение за земјоделство, шумарство, лов и риболов и регистар на фарми | Сектор за поддршка на работењето на директорот РГ, Биро за попис | јануари 2026 | април 2026 | 6 | | | Одобрени финансиски средства за буџетскиот корисник ДЗС | Одобрени финансиски средства за буџетскиот корисник ДЗС | |
| 5. Консултации и соработка со Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ) и Агенција за храна и ветеринарство | Одделение за земјоделство, шумарство, лов и риболов и регистар на фарми | Сектор за поддршка на работењето на директорот РГ, Биро за попис | јануари 2026 | април 2026 | 6 | | | Одобрени финансиски средства за буџетскиот корисник ДЗС | Одобрени финансиски средства за буџетскиот корисник ДЗС | |

| Б. План за спроведување на програмата | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Потпрограма 1: Подготовка и спроведување на Пописот на земјоделство, 2026 година | | | | | | | | | | |
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток (месец/ година) | Крај (месец/ година) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | I год. | II год. | III год. | I год. | II год. | III год. |
| 6. Набавка на рачно преносливи компјутери-таблети (подготовка на спецификација, спроведување на постапката за јавна набавка) | Одделение за јавни набавки и општи работи | ИТ Сектор,Одделение за земјоделство, шумарство, лов и риболов и регистар на фарми; Сектор за поддршка на работењето на директорот | јануари 2026 | јуни 2026 | 5 | | | Одобрени финансиски средства за буџетскиот корисник ДЗС | | |
| 7. Подготовка и усвојување на пописни инструменти (прашалници, методологија, упатства за попишувачи, упатсво за користење на таблет и внес на податоците во апликацијата; упатство за организација и спроведување на попис) | Одделение за земјоделство, шумарство, лов и риболов и регистар на фарми; Одделение за статистички и математички методи; Одделение за дизајн и апликативен развој | РГ и Биро за Попис | I квартал 2026 | I квартал 2026 | 15 | | | Одобрени финансиски средства за буџетскиот корисник ДЗС | | |
| 8.Подготовка на ИТ апликација за внес на прашалникот во Survey Solution со вклучено ГИС решение | Одделение за дизајн и апликативен развој Одделение за земјоделство, шумарство, лов и риболов и регистар на фарми; | РГ и Биро за Попис | јануари 2026 | јуни 2026 | 8 | | | Одобрени финансиски средства за буџетскиот корисник ДЗС | Одобрени финансиски средства за буџетскиот корисник ДЗС | |
| 9. Набавка на СИМ картички за таблетите, сервер и закуп на клауд | Одделение за јавни набавки и општи работи | ИТ сектор, Одделение за земјоделство, шумарство, лов и риболов и регистар на фарми; | јануари 2026 | јуни 2026 | 5 | | | | Одобрени финансиски средства за буџетскиот корисник ДЗС | |
| 10. Сроведување на јавна набавка за услуга - кампања за попис | Одделение за јавни набавки и општи работи | РГ , Одделение за земјоделство, шумарство, лов и риболов и регистар на фарми; | јануари 2026 | јуни 2026 | 8 | | | | Одобрени финансиски средства за буџетскиот корисник ДЗС | |

| Б. План за спроведување на програмата | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Потпрограма 1: Подготовка и спроведување на Пописот на земјоделство, 2026 година** | | | | | | | | | | | |
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | | |
| | | | **Почеток (месец/ година)** | **Крај (месец/ година)** | **Човечки** | | | **Финансиски (МКД)** | | | |
| | | | | | **I год.** | **II год.** | **III год.** | **I год.** | **II год.** | **III год.** | |
| 11. Спроведување на постапка за избор на реонски инструктори и попишувачи | Одделение за човечки ресурси | РГ , Одделение за земјоделство, шумарство, лов и риболов и регистар на фарми; | јануари 2026 | јуни 2026 | 10 | | | | Одобрени финансиски средства за буџетскиот корисник ДЗС | | |
| 12. Организација и спроведување на обука на учесниците во Пописот (КПР, државни инструктори, реонски инструктори и попишувачи) | Одделение за земјоделство, шумарство, лов и риболов и регистар на фарми; Одделение за дизајн и апликативен развој Одделение за финансиски прашања | Биро за попис | јануари 2026 | септември 2026 | 120 | | | | Одобрени финансиски средства за буџетскиот корисник ДЗС | | |
| 13. Спроведување на кампањата-Информирање на населението и деловните субјекти за нивната улога и важноста на Пописот | избрана фирма | Биро за попис | јуни2026 | декември 2026 | 10 | | | | Одобрени финансиски средства за буџетскиот корисник ДЗС | | |
| 14. Спроведување на Пописот | Сите учесници, РГ, Биро за попис, | | октомври 2026 | декември 2026 | 150 | | | | Одобрени финансиски средства за буџетскиот корисник ДЗС | | |
| 15. Избор на примерок (пописни кругови) за пост-пописно истражување | Одделение за земјоделство, шумарство, лов и риболов и регистар на фарми; Одделение за статистички и математички методи Одделение за дисеминација, статистички територијален регистар и информирање; | РГ, Биро за попис | октомври 2026 | декември 2026 | 10 | | | | Одобрени финансиски средства за буџетскиот корисник ДЗС | | |

| Б. План за спроведување на програмата | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Потпрограма 1: Подготовка и спроведување на Пописот на земјоделство, 2026 година | | | | | | | | | | | |
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | | |
| | | | Почеток (месец/ година) | Крај (месец/ година) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | | |
| | | | | | I год. | II год. | III год. | I год. | II год. | III год. | |
| 16. Спроведување на Пост-пописно истражување | Сите учесници, РГ, Биро за попис, | | октомври 2026 | декември 2026 | 50 | | | | Одобрени финансиски средства за буџетскиот корисник ДЗС | | |
| **Вкупно за активност во 1. година** | 16 | | | | | | | | | | |
| **Вкупно за активност во 2. година** | | | | | | | | | | | |
| **Вкупно за активност во 3. година** | | | | | | | | | | | |
| **Вкупно за Потпрограма 1.** | 16 | | | | | | | | | | |
| **Потпрограма 2: Обработка на податоците од Пописот на земјоделството во Република Северна Македонија, 2026 година и нивно објавување** | | | | | | | | | | | |
| 1. Обработка на податоци од Пописот | Одделение за дизајн и апликативен развој | Одделение за земјоделство, шумарство, лов и риболов и регистар на фарми; | јануари 2027 | јуни 2027 | | | 8 | | | Одобрени финансиски средства за буџетскиот корисник ДЗС | |
| 2. Продукција на излезни табели | Одделение за земјоделство, шумарство, лов и риболов и регистар на фарми; Одделение за дизајн и апликативен развој | Одделение за дисеминација, статистички територијален регистар и информирање; | јуни 2027 | септември 2027 | | | 8 | | | Одобрени финансиски средства за буџетскиот корисник ДЗС | |

| Б. План за спроведување на програмата | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Потпрограма 1: Подготовка и спроведување на Пописот на земјоделство, 2026 година** | | | | | | | | | | | |
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | | |
| | | | | | **Човечки** | | | **Финансиски (МКД)** | | | |
| | | | **Почеток (месец/ година)** | **Крај (месец/ година)** | **I год.** | **II год.** | **III год.** | **I год.** | **II год.** | **III год.** |
| 3. Подготовка на дисеминациони продукти | Одделение за земјоделство, шумарство, лов и риболов и регистар на фарми; | Одделение за дисеминација, статистички територијален регистар и информирање; | јануари 2027 | декември 2027 | | | 8 | | | Одобрени финансиски средства за буџетскиот корисник ДЗС |
